## 3.3. Надворешен долг[17]

***Во јуни 2003 година е регистрирано месечно намалување на надворешниот долг...***

Надворешниот долг на Република Македонија по долгорочни кредити бележи месечно намалување од 17,6 милиони САД долари и на 30.06.2003 година изнесува 1.615,4 милиони САД долари. При реализирани повисоки повлекувања на средства од отплати во месецот, падот се должи на евидентираните негативни курсни разлики поради благата апресијација на американскиот долар во однос на еврото.

***...при што од странските кредитори се повлечени 14,6 милиони САД долари...***

Во текот на јуни повлекувањата по веќе одобрени долгорочни кредити изнесуваат 14,6 милиони САД долари. Најголем дел од средствата (13,4 милиони САД долари) се повлечени од официјалните кредитори. Од нив 11,7 милиони САД долари претставуваат повлекување на третата транша од Проектот за структурно прилагодување склучен со Европската Унија. Повлекувањата од приватните кредитори изнесуваат 1,2 милиони САД долари, главно од банки и финансиски институции.

***...а се отплатени 11,6 милиони САД долари***

Вкупните отплати кон странство по користени долгорочни кредити во јуни 2003 година изнесуваат 11,6 милиони САД долари. Од нив, отплатите врз основа на главница изнесуваат 9,4 милиони САД долари, а врз основа на камата 2,2 милиони САД долари. Од аспект на поединечни кредитори, најголем дел, односно 6,7 милиони САД долари се отплати кон официјалните кредитори, од кои 4,1 милион САД долари се плаќања кон билатералните кредитори. Плаќањата кон приватните кредитори изнесуваат 4,9 милиони САД долари.

Новосклучените кредити со странските кредитори во текот на јуни 2003 година изнесуваат 2,3 милиони САД долари и во целост потекнуваат од приватните кредитори, односно од странски претпријатија.

Графикон 29
Користени кредити и отплатени обврски
(во милиони САД долари)




Во првото полугодие од 2003 година, вкупниот износ на платени обврски кон странските кредитори (98,2 милиони САД долари) го надминува износот на користени кредити (77,4 милиони САД долари). Состојбата на надворешниот долг на крајот на јуни 2003 година во однос на крајот на декември 2002 година бележи зголемување од 6,4%.

[17] Претходни податоци на НБРМ. Податоците се однесуваат на долгот на Република Македонија кон странство врз основа на користени долгорочни кредити.